Врз основа на член 19 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/01, 42/03, 47/03, 40/04, 70/06, 126/06, 60/07, 88/08, 133/09 и 171/10), министерот за финансии донесе

**Правилник**
**за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на проверка и контрола на системот на фискалните апарати**

Член 1

Во Правилникот за начинот на проверка и контрола на системот на фискалните апарати ("Службен весник на Република Македонија", бр.88/01) во член 2 став 2 алинеја 3 сврзникот "и" се брише.

Во алинеја 4 точката на крајот се заменува со сврзникот "и", и се додава нова алинеја 5 која гласи:

„ - контрола на пробен тип и модел на фискален систем на опрема;"

Член 2

По членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

"Член 2-а

„Контрола на пробен тип и модел на фискален систем на опрема се врши заради негово одобрување и пуштање во употреба.

Контролата на функционално-техничките карактеристики на пробниот тип и модел на фискален систем на опрема се врши согласно одредбите во Правилникот за издавање на документ касова сметка за сторна трансакција и за функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување.

Контролата може да се врши во лабораторија и на самото место каде е инсталиран пробниот тип и модел на фискален систем на опрема и за извршената контрола се изготвува извештај.

Контролното тело води евиденција за овластените производители и контролираните пробни типови и модели на фискален систем на опрема."

Член 3

Во членот 4 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

“ За спроведената проверка и контрола во процесот на производство, претставникот на контролното тело, на самото место, изготвува извештај за соодветноста на електро-механичките и функционалните карактеристики на фискалниот систем на опрема.”

Член 4

Во член 5 став 2 зборовите: “фискални апарати“ се заменуваат со зборовите: “фискални системи на опрема“.

Член 5

Членот 6 се менува и гласи:

“Периодична проверка се врши еднаш годишно и опфаќа основни функционални проверки на фискалниот систем на опрема кој е во употреба без да се отстранува фискалната пломба.

Периодичната проверка се врши од страна на овластените производители на самото место кај даночните обврзници. Овластениот производител треба да постави налепница на фискалниот апарат за извршената периодична проверка која содржи податок за сервисниот центар и за периодот за кој важи извршената проверка.

Вонредна контрола се врши кога постои сознание за несоодветност на електро-механичките карактеристики на фискалниот систем на опрема, во однос на деловите кои се одобрени и пуштени во употреба. ”

Член 6

Членот 7 се брише.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.20-
___________ 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески